IDSCS Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Прирачник за претседателски избори во Република Северна Македонија 2024 година



www.kas.de

# Прирачник за претседателски избори во Република Северна Македонија 2024 година

Скопје, април 2024

# Импресум

**Наслов:**
Прирачник за претседателски избори во Република Северна Македонија 2024 година

**Издавачи:**
Даниел Браун, Официјален претставник на Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Марко Трошановски, Претседател на Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје

**Автори:**
Ѓорѓи Хаџи Василев
Јоана Тренеска
Томе Смилевски

**Координација:**
Давор Пашоски, Програмски менаџер, Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и подготовка:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
www.izbornaarhiva.mk
https://www.kas.de/mk/web/nordmazedonien/
http://www.idscs.org.mk

Изразуваме благодарност до Програмата за поддршка на изборите на Швајцарската соработка во Северна Македонија, имплементирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), за поддршката и соработката во подготовката на оваа публикација.

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје не сносат одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторите.
Оваа публикација служи само за информативни цели и информациите во неа не смеат да се употребуваат во рамки на изборни кампањи.

# Содржина

**Вовед во седмите претседателски избори во Република Северна Македонија 5**

Подготовки за претседателски избори.....13
Последни измени на изборното законодавство.....15

**1. Историјат на претседателските избори во Република Северна Македонија (1991 – 2019) 21**

**2. Македонски изборен систем за претседателски избори 25**

**3. Учесници на претседателските избори 2024 29**

Стево Пендаровски .....31
Гордана Силјановска Давкова.....32
Стевчо Јакимовски.....34
Бујар Османи.....35
Билјана Ванковска Цветковска.....37
Арбен Таравари.....38
Максим Димитриевски.....39

# Вовед

# Вовед во седмите претседателски избори во Република Северна Македонија

Седмите претседателски избори во Република Северна Македонија ќе се одржат на 24 април 2024 година. За функцијата Претседател на Република Северна Македонија ќе се натпреваруваат 7 кандидати: актуелниот претседател и кандидат на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), Стево Пендаровски, кандидатката на Внатрешна македонска революционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), Гордана Силјановска Давкова, кандидатката на Левица, Билјана Ванковска Цветковска, кандидатот на Демократската унија за интеграција (ДУИ), Бујар Османи, кандидатот на коалицијата „Вреди“, Арбен Таравари, кандидатот на „Движење ЗНАМ – За наша Македонија“, Максим Димитриевски, и кандидатот на Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ), Стевчо Јакимовски.

Претседателските избори беа распишани на 14.2.2024 година, кога претседателот на Собранието, Јован Митрески, во согласност со уставните и законските обврски, го потпиша Решението за распишување на избор за претседател на Република Северна Македонија.[1]

Во согласност со Решението, првиот круг од претседателските избори ќе се одржи на 24 април 2024 година, а со тоа евентуалниот втор изборен круг ќе се одржи на 8 мај 2024 година, истовремено со одржувањето на редовните парламентарни избори.

На 14 февруари Државната изборна комисија (ДИК) го донесе Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за Претседател на државата.[2]

Во согласност со Роковникот, постапката за собирање потписи за претендентите за претседателските кандидати започна на 23 февруари, а заврши на 8 март во 24 часот. Собирањето потписи се одвиваше во сите подрачни одделе-

1 Решение за распишување на изборите https://drive.google.com/file/d/1LgvXvn7cx3IWbxLchlxEZY0cjyiKqYB/view (последна посета: 25.3.2024).

2 Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за Претседател на Република Северна Македонија https://drive.google.com/file/d/1iN8Gim1W542gkDasz_aDHK0pX_43dEcZ/view (последна посета: 25.3.2024).

нија и канцеларии на ДИК, сместени во седиштата на 34 локални самоуправи и пред надлежните нотари.

Во согласност со податоците од ДИК, 7 од вкупно 15 кандидати ги собраа неопходните 10 000 потписи за учество на претседателските избори. Кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска Давкова, и на СДСМ, Стево Пендаровски, и покрај поддршката од политичките партии, кандидатурите ги потврдија со собирање потписи.[3] Претендентите Вело Марковски, Мерсиха Смаиловиќ, Ѓорѓи Манасков, Зорица Цветковска, Господин Попоски, Томе Николовски, Гоце Ристов и Драган Николовски не ги собраа потребните потписи.[4]

Актуелниот претседател, Стево Пендаровски, на 1.3.2024 година официјално објави дека повторно ќе се кандидира за функцијата. Во трката за втор мандат, Пендаровски истакна дека добил јавна поддршка од голем број граѓани, дел од нив јавни личности, професори и културни работници. На Конгресот што се одржа на 3.3.2024 со 706 гласови „за" СДСМ донесе одлука за официјална поддршка на Стево Пендаровски како нивен кандидат на претседателските избори.[5] На 4.3.2024 г. традиционалните коалициски партнери на СДСМ ја поддржаа кандидатурата на Стево Пендаровски за претседател на државата. Со оглед на фактот дека Пендаровски најави оти станува збор за граѓанска кандидатура, неговата кандидатура беше потврдена и со собирање потписи.

Пратеничката и професорка Гордана Силјановска Давкова е претседателска кандидатка на ВМРО-ДПМНЕ. На партиската конвенција што се одржа на 2.3.2024 година Силјановска Давкова беше избрана да биде кандидатка на ВМРО-ДПМНЕ на претстојните претседателски избори, со поддршка од 444 делегати.[6] Силјановска Давкова беше единствен кандидат на партиската конвенцијата и со кандидатурата поднесе план, програма за работа и потребен број на потписи на делегати. Кандидатурата беше потврдена со собрани потписи од граѓаните, но тие не беа поднесени до ДИК.[7]

---

3 Состојба на број на собрани потписи за кандидати за Претседател на државата, заклучно со 8 март 2024 година, 20 ч. https://www.sec.mk/pretsedatelski-izbori-2024/#tab-id-9 (последна посета: 25.3.2024).

4 Кандидатот за претседател треба да биде предложен од најмалку 10 000 гласачи (преку собирање потписи) или од 30 пратеници.

5 СДСМ ја потврди претседателската кандидатура на Стево Пендаровски https://www.slobodnaevropa.mk/a/32846165.html (последна посета: 25.3.2024).

6 Гордана Силјановска Давкова е избрана за кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за претседател https://kanal5.com.mk/gordana-siljanovska-davkova-e-izbrana-za-kandidat-na-vmro-dpmne-za-pretsedatel/a628507 (последна посета: 25.3.2024).

7 Кандидатурата на Силјановска-Давкова до ДИК е без граѓански потписи затоа што тоа е протоколарна работа – велат од ВМРО-ДПМНЕ https://360stepeni.mk/kandidaturata-na-siljanovska-davkova-do-dik-e-bez-graganski-potpisi-zatoa-shto-toa-e-protokolarna-rabota-velat-od-vmro-dpmne/ (последна посета: 25.3.2024).

Актуелниот министер за надворешни работи, Бујар Османи, е претседателски кандидат на ДУИ. На конвенцијата што се одржа на 9 март под мотото „Дојде време за првиот претседател Албанец", ДУИ го промовираше претседателскиот кандидат, Бујар Османи.[8]

Претседателот на Алијанса за Албанците (АА) и градоначалник на Гостивар, Арбен Таравари, на 15 февруари на заедничка прес-конференција со лидерите на Беса, Билал Касами, на Алтернатива, Африм Гаши, и на Демократско движење на Изет Меџити, објави дека ќе биде кандидат за претседател на државата. Арбен Таравари како претседателски кандидат на албанската опозиција, обединета во коалицијата „Вреди", беше промовиран на 2 март на конвенција во Гостивар.[9] Кандидатурата на Арбен Таравари предизвика внатрепартиска поделба во АА и го отвори прашањето кој е легитимен претседател на партијата. Поранешниот лидер на АА, Зијадин Села, истакна дека партиските тела не донеле одлука Таравари да биде кандидат на претстојните претседателски избори и дејствувал на сопствена иницијатива спротивно на ставот на партијата на изборите да дејствува самостојно. На 16 февруари на вонреден Конгрес на кој присуствуваа 421 делегат, крилото на Арбен Таравари го разреши Зијадин Села од функцијата претседател на Централното претседателство и го реизбра Таравари за лидер на Алијанса за Албанците. Крилото на Зијадин Села на вонреден Конгрес на 18 февруари го разреши Арбен Таравари од претседателската функција во партијата поради низа прекршувања на партискиот статут и едногласно, со 591 глас, го избра Зијадин Села повторно да ја води партијата.[10]

Во однос на тоа кој има право да го преземе раководството над партијата се чека правна разврска, односно одлука од судот во Тетово.

Градоначалникот на Куманово и лидер на партијата ЗНАМ, Максим Димитриевски, е кандидат за претседател на државата од овој нов политички субјект на претстојните претседателски избори. Кандидатурата на Максим Димитриевски беше официјализирана на првиот Конгрес на политичката партија „Движење ЗНАМ – За наша Македонија", што се одржа на 22 февруари во Скопје.[11]

---

8 Османи и официјално промовиран за претседателски кандидат на ДУИ https://360stepeni.mk/osmani-i-ofitsijalno-promoviran-za-pretsedatelski-kandidat-na-dui-predizvitsite-se-golemi-bitno-e-da-bide-vistinskiot-chovek-na-vistinska-funktsija/ (последна посета: 25.3.2024).

9 Таравари промовиран за претседателски кандидат „Вреди" одржа Конвенција во Гостивар https://plusinfo.mk/taravari-promoviran-za-pretsedatelski-kandidat-vredi-odrzha-konvenci-a-vo-gostivar/ (последна посета: 25.3.2024).

10 Разрешениот Села го разреши Таравари од лидерската позиција во Алијанса за Албанците? https://telma.com.mk/2024/02/18/razresheniot-sela-go-razreshi-taravari-od-liderskata-poziczija-vo-alijansa-za-albanczite/ (последна посета: 25.3.2024).

11 Прв конгрес на ЗНАМ, официјализирана претседателската кандидатура на Максим Димитриевски https://a1on.mk/macedonia/prv-kongres-na-znam-oficijalizirana-pretsedatelskata-kandidatura-na-maksim-dimitrievski/ (последна посета: 25.3.2024).

Професорката Билјана Ванковска Цветковска од Филозофскиот факултет во Скопје е претседателски кандидат на Левица. Кандидатурата на Билјана Ванковска Цветковска официјално беше објавена на 7 февруари на прес-конференција на партијата Левица.[12]

Актуелниот градоначалник на Општина Карпош и лидер на партијата ГРОМ, Стевчо Јакимовски, е претседателски кандидат од партијата за претстојните избори. На седницата на 21 февруари, Централниот одбор на ГРОМ донесе одлука Стевчо Јакимовски да биде кандидат на партијата за претседател на државата.[13]

На седницата на 22 март ДИК ги потврди кандидатурите за претседател на Република Северна Македонија 2024 година. Имајќи предвид дека Листите на кандидати беа поднесени во согласност со законски утврдените услови и во законски утврдениот рок, Комисијата ги потврди Листите за кандидати за претседател на Република Северна Македонија 2024 година по редоследот на нивното доставување во Државната изборна комисија.[14]

Изборната кампања за претседателските избори закажани за 24 април годинава започнува на 4 април во 00:00 часот и ќе трае до 24:00 часот на 22 април.

Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на 21 март ја отвори Набљудувачката мисија во Северна Македонија за претседателските и парламентарните избори. За двата изборни циклуси ќе бидат ангажирани 320 набљудувачи, од кои 20 долгорочни и 300 краткорочни. [15]

Ова се 22 избори во земјата коишто ќе ги набљудува ОБСЕ/ОДИХР. Последни беа локалните избори во 2021 кои беа следени од страна на Мисијата.

По неколкумесечни политички превирања во врска со уставните измени и засилените барања на опозицијата за вонредни парламентарни избори, одржувањето на претседателските и на парламентарните избори беше договорено

12 Билјана Ванковска - претседателски кандидат на Левица https://www.dw.com/mk/profesorkata-biljana-vankovska-vleguva-vo-trkata-za-pretsedatel-kako-kandidat-na-levica/a-68192357 (последна посета: 25.3.2024).

13 Стевчо Јакимовски, кандидат за претседател на ГРОМ https://24.mk/details/stevcho-jakimovski-kandidat-za-pretsedatel-na-grom (последна посета: 25.3.2024).

14 Известување од Осумдесет и осмата седница на Државната изборна комисија https://www.sec.mk/izvestuvanje-od-osumdeset-i-osmata-sednica-na-drzhavnata-izborna-komisija-odrzhana-na-21-mart-2024-godina/ (последна посета: 25.3.2024).

15 ОБСЕ/ОДИХР ја отвора набљудувачката мисија во Северна Македонија https://www.osce.org/mk/odihr/elections/565066 (последна посета: 25.3.2024).

на 4 декември 2023 година, на средбата на лидерите на политичките партии застапени во Собранието. Политичките лидери постигнаа договор со широк консензус парламентарните избори да се одржат на 8 мај, среда, заедно со вториот круг на претседателските избори. Претходно, на 24 април, исто така, во среда, ќе се одржи првиот круг од претседателските избори. Датумот 8 мај беше единствено можен за да се овозможи парламентарните избори да бидат во нивниот редовен термин, а претседателските да завршат до истекувањето на мандатот на Стево Пендаровски на 12 мај. Освен за датумите за избори, лидерите на СДСМ, Димитар Ковачевски, и на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, истакнаа дека на лидерската средба имало и широк консензус за прифаќање на забелешките за Изборниот законик од ОБСЕ/ОДИХР. На лидерската средба не беше постигнат договор за уставните измени.[16]

Во согласност со законот, на 28 јануари, односно на 100 дена пред изборите се формираше техничка (пржинска) Влада. Премиерот, Димитар Ковачевски, и претседателот на Собранието, Талат Џафери, на 25 јануари поднесоа оставки. Собранието на Северна Македонија со 65 гласа „за“ и три „против“ ја изгласа техничката Влада на чело со првиот премиер Албанец, Талат Џафери од ДУИ.[17] Лидерот на ДУИ, Али Ахмети, истакна дека станува збор за историски ден, а од ДУИ изборот го прославија со црвени вратоврски на кои пишува премиер – Албанец – 28.01.2024.[18] Основна задача на Владата е да организира фер и демократски парламентарни избори. Најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, иако предложи свои кандидати во Владата, не гласаше за нејзиниот избор, бидејќи се противеше Владата да ја предводи Талат Џафери. Според досегашното искуство со техничките влади, овој политички маневар се случува по втор пат, бидејќи во 2016 година СДСМ иако предложија министри ја напуштија седницата и не гласаа за техничката Влада предводена од Емил Димитрев од ВМРО-ДПМНЕ.[19] Ова е трета преодна или техничка Влада од 2016 година наваму.

Актуелниот претседател, Стево Пендаровски, и кандидатката на најголемата опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска Давкова, повторно

16 Постигнат договор за изборите: На 24 април претседателски, а на 8 мај парламентарни со втор круг претседателски https://360stepeni.mk/postignat-dogovor-za-izborite-na-24-april-pretsedatelski-a-na-8-maj-parlamentarni-so-vtor-krug-pretsedatelski/ (последна посета: 25.3.2024).

17 Избрана техничката Влада на чело со Џафери https://www.slobodnaevropa.mk/a/32795231.html (последна посета: 25.3.2024).

18 ДУИ го слави изборот на Џафери за технички премиер со црвени вратоврски https://360stepeni.mk/dui-go-slavi-izborot-na-dhaferi-za-tehnichki-premier-so-tsrveni-vratovrski/ (последна посета: 25.3.2024).

19 Во 2016 година СДСМ не гласаше за техничката Влада https://alsat.mk/mk/vo-2016-godina-sdsm-ne-glasashe-za-tehnichkata-vlada/ (последна посета: 25.3.2024).

се кандидираат на овие избори, а албанското гласачко тело ќе има можност да гласа и за двајца кандидати Албанци за претседател на државата. Во насока на зајакнување на своите позиции пред изборите, албанските политички партии го актуелизираа барањето за избор на претседател во Собранието, но најголемите политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ истакнаа дека се против укинување на непосредните избори за претседател и консензуално бирање шеф на државата во Собрание. [20]

Иако во пресрет на претседателските избори се навестуваше дека и на овие избори СДСМ и ДУИ ќе одат со заеднички претседателски кандидат, односно дека Стево Пендаровски и на овие избори ќе биде консензуален кандидат, сепак, ДУИ одлучи на изборите да оди со свој кандидат. [21]

Причините за ваквата одлука во голема мера се должат на фактот што обединетата албанска опозиција на овие избори истапи со заеднички кандидат за претседател, но и несогласувањата во пресрет на изборите меѓу ДУИ и претседателот Пендаровски во однос на Законот за игри на среќа.[22]

Политичките несогласувања и меѓусебни обвинувања уследија откако претседателот Стево Пендаровски не го потпиша Законот за игри на среќа и за забавни игри и притоа рече дека тоа го направил поради сериозните укажувања од ЕУ дека се злоупотребува европското знаменце.[23]

За разлика од претходните претседателски избори одржани во 2019 година кога имаше тројца кандидати, на овие избори има седум претседателски кандидати, што ќе придонесе за засилена политичка поларизација во наредниот период, а поради неизвесната изборна трка може да се очекуваат и предизборни кампањи фокусирани на дискредитација на противниците. Преклопувањето на предизборните кампањи за претседателските и парламентарните избори дополнително ќе биде искористено за заострување на политичката реторика во насока на зајакнување на позициите на претседателските кандидати.

20 За и против изборот на претседател во Собрание https://telma.com.mk/2024/02/24/za-i-protiv-izborot-na-pretsedatel-vo-sobranie/ (последна посета: 25.3.2024).

21 ДУИ одлучи да има свој кандидат на претседателските избори https://kanal5.com.mk/dui-odluchi-da-ima-svoj-kandidat-na-pretsedatelskite-izbori/a364404 (последна посета: 25.3.2024).

22 ДУИ контра Пендаровски: Го потпиша Кривичниот законик со европско знаме, иако ЕУ се противеше https://www.slobodnaevropa.mk/a/32820714.html (последна посета: 25.3.2024).

23 Претседателот Пендаровски не го потпиша Указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри https://pretsedatel.mk/dop-is_13022024/ (последна посета: 25.3.2024).

Во тој контекст, ОБСЕ/ОДИХР во својот извештај за предизборниот амбиент предупреди за можна нестабилност и неизвесни избори. Исто така, изразена е загриженост за можната злоупотреба на државни ресурси и притисок врз вработените во јавниот сектор, како и за нетолерантната реторика што ја влошува тензичната политичка средина. Во извештајот се наведува дека медиумското покривање на изборната кампања е фрагментирано и поларизирано, има значително зголемување на националистичката реторика што може да резултира со зголемени немири и тензии, забележан е пораст на нетолерантна и насилна реторика која може да се толкува и како говор на омраза.[24]

На 18 март Стејт департментот на САД објави дека градоначалникот на Општина Карпош и претседателски кандидат на претстојните избори, Стевчо Јакимовски, е ставен на црна листа поради коруптивни дејствија со кои се поткопува владеењето на правото и довербата на јавноста во демократските институции.[25] Кандидатот Стевчо Јакимовски одговори дека станува збор за нечесна работа што се случува поради неговата кандидатура и обид за мешање во изборниот процес.[26]

Со оглед на фактот што на 8 мај се одржуваат парламентарните избори, првиот круг на претседателските избори несомнено ќе придонесе за политичко позиционирање и мобилизација на членството на политичките партии во пресрет на парламентарните избори. Резултатите од првиот круг ќе ги одредат натамошните политички констелации и ќе доведат до изразени меѓупартиски политички преговори во пресрет на парламентарните избори и извесниот втор круг од претседателските избори.

## Подготовки за претседателски избори

На 14 февруари ДИК го донесе Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на изборите за претседател.[27] Во рамките на подготвителните активности, ДИК во континуитет ги надополнува општинските

24 ДУИ контра ВРЕДИ: Кој подготвува политичка криза? https://telma.com.mk/2024/03/14/dui-kontra-vredi-koj-podgotvuva-politichka-kriza/ (последна посета: 25.3.2024).

25 САД ги стави Катица Јанева и Стевчо Јакимовски на црната листа https://www.slobodnaevropa.mk/a/32866680.html (последна посета: 25.3.2024).

26 Јакимовски за црната листа: Изненаден сум, ова е нечесна работа https://www.slobodnaevropa.mk/a/32867504.html (последна посета: 25.3.2024).

27 Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на избори за Претседател на Република Северна Македонија 2024 https://drive.google.com/file/d/1iN8Gim1W542gkDasz_aDHK0pX_43dEcZ/view (последна посета: 25.3.2024).

изборни комисии (ОИК) со членови на местата на оние на кои им престанал мандат или имало барања за разрешувања, но не подоцна од 26 март. Според Роковникот, Општинската изборна комисија (ОИК) треба да ги формира избирачките одбори (ИО) најдоцна до 26 март, а до тој термин ДИК треба да ги оформи и ИО-ата во ДКП-ата.

Јавниот увид на избирачкиот список во подрачните единици на ДИК, на веб-страницата http://izbirackispisok.gov.mk/, како и во ДКП-ата (за гласање во странство) беше отворен во периодот 28 февруари – 18 март 2024 година. Оние граѓани кои во овој период ќе утврдат дека ги нема во Избирачкиот список, а ги исполнуваат условите за право на глас, можеа да побараат да бидат запишани. Во периодот од распишување на изборите до затворањето на јавниот увид на Избирачкиот список државјаните на Република Северна Македонија кои живеат во странство и кои ги исполнуваат условите за гласање во странство можеа да се пријават за да го реализираат ова свое право.

Избирачкиот список во кој се извршени сите промени кои произлегле од јавниот увид, отпечатен во вид на изводи, ДИК го заклучува најдоцна 15 дена по завршениот јавен увид, најдоцна на 2 април. ДИК го потпишува заклучениот Избирачки список, односно изводите од Избирачкиот список на кои се гласа, најдоцна 15 дена пред денот на одржувањето на изборите, најдоцна на 8 април.

Според Роковникот, финансиските извештаи (со спецификација на трошоците за приходите и расходите на жиро-сметката) на организаторите на изборната кампања до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) се доставуваат во следниве рокови:

- на 12 мај за приходите и расходите од кампањата од првиот круг, доколку не се одржува втор круг на гласање или на 26 мај доколку се одржува втор круг, за приходите и расходите од вториот дел од изборната кампања;
- вкупниот финансиски извештај се доставува најдоцна во рок од 15 дена по затворањето на трансакциските сметки и се поднесува до ДИК, ДЗР, ДКСК и Собранието на Република Северна Македонија.

Исто така, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет портали) се должни да поднесат извештај до Министерството за финансии (МФ), ДИК, ДЗР и ДКСК, за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања, најдоцна до 7 мај доколку не се одржува втор круг, а најдоцна до 21 мај доколку се одржува втор круг на гласање.

Во согласност со член 8-а од Изборниот законик, 20 дена пред почетокот на изборната кампања започна периодот во кој не може да се одржуваат јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објект или инфраструктура финансирани со средства од Буџетот, јавните фондови, како и средствата на јавните претпријатија со државен капитал.[28]

Со преодната одредба од измените на Изборниот законик која ќе се применува само за изборите во 2024 година, избирачите ќе може да гласаат со лична карта или со патна исправа чијашто важност истекла во периодот од 9 месеци до денот на одржување на изборите. На претседателските избори ќе може да гласаат граѓаните на кои по кој било основ им истекле личните документи од 24.7.2023 година до денот на изборите, односно до 24.4.2024 година. [29]

## Последни измени на изборното законодавство

Од последниот избор на претседател на државата, до денес, се направија повеќе измени кои се однесуваат на одредбите од Изборниот законик на Република Северна Македонија (РСМ). Собранието во март годинава, по скратена постапка и со 84 гласа „за“, ги донесе новите измени во Изборниот законик. Измените се поврзани со државните изборни тела, финансирање на политичката кампања, учесниците во кампањата, како и медиумската покриеност на изборната кампања.[30]

Поради новонастанатата ситуација со важноста на личните документи на граѓаните, постоеше сериозна опасност на над 100 000 граѓани да им биде ускратено правото на глас на претстојните избори. На предлог на ДИК, во измените на Изборниот законик се најде и преодна одредба која го уредува правото избирачот да може да гласа со лична карта или со патна исправа чијашто важност истекла во периодот од девет месеци до денот на одржување на претседателските, односно парламентарните избори.[31]

---

28 Изборен законик https://drive.google.com/file/d/1ZJMruqcNl-yC5VuWSzpfT9BFeKphm5An/view (последна посета: 25.3.2024).

29 Државната изборна комисија одржа брифинг со новинари https://www.sec.mk/drzhavnata-izborna-komisija-odrzha-brifing-so-novinari/ (последна посета: 25.3.2024).

30 „Службен весник на Република Северна Македонија“, Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик 58/2024.

31 „Над 100 000 граѓани немаат документи за гласање на избори, ДИК предложи измени на Изборниот законик, Собранието на потег“. Телма, 4 март 2024. Пристапено на https://telma.com.mk/2024/03/04/nad-100-000-gragani-nemaat-dokumenti-za-glasane-na-izbori-sobranieto-na-poteg-ot-kako-dik-predlozhi-izmeni-na-izborniot-zakonik/ (последна посета: 27 март 2024).

Дополнително, се допрецизираа одредбите во однос на регистрацијата на новите гласачи, па така со право на глас ќе се стекнат сите кои заклучно со денот на изборите ќе наполнат 18 години. Ова значи дека граѓаните што ќе се стекнат со полнолетство помеѓу двата изборни циклуси, ќе имаат право на глас само на парламентарните избори.[32]

На три дена пред почетокот на кампањата за претседателските избори пратениците едногласно го донесоа Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, со кој се допрецизираат одредбите за определување на редниот број на гласачкото ливче за двата изборни процеси, односно политичките партии кои предложиле или поддржале кандидат за претседател на државата да можат да ги задржат извлечените редни броеви и за парламентарните избори за поедноставна презентација пред граѓаните. Политичките партии кои немаат свој кандидат за претседател, но ќе учествуваат на изборот на пратеници, дополнително по пат на ждрепка во ДИК ќе извлечат редни броеви под кои ќе настапат на изборите.[33]

## Државна изборна комисија

За член на Државната изборна комисија може да биде избрано лице државјанин на РСМ со постојано живеалиште во земјата, да има високо образование со најмалку осум години работно искуство и да не е член на орган на политичка партија. Собранието на РСМ во рок од 30 дена пред истекот на мандатот на Комисијата го објавува Огласот за избор на новиот состав, односно избор на претседател, потпретседател и членови на ДИК во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и во дневниот печат. Огласот трае осум дена од денот на објавување во „Службен весник“.

Постапката за избор на членови останува иста и се подготвува и спроведува од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во рамки на Собранието на РСМ. Оваа Комисија подготвува предлог на листа од пријаве-

32 „ДИК: Граѓаните што ќе наполнат 18 години помеѓу двата круга на претседателските избори на 8 мај ќе може да гласаат само за избор на пратеници“. 360 степени, 15 март 2024. Пристапено на: https://360stepeni.mk/dik-graganite-shto-ke-napolnat-18-godini-pomegu-dvata-kruga-na-pretsedatelskite-izbori-na-8-maj-ke-mozhe-da-glasaat-samo-za-izbor-na-pratenitsi/ (последна посета: 26 март 2024).

33 „Денеска завршува рокот за пријавување на листите за пратеници, се заклучува и Избирачкиот список“. 360 степени, 2 април 2024. Пристапено на: https://360stepeni.mk/deneska-zavrshuva-rokot-za-prijavuvane-na-listite-za-pratenitsi-se-zakluchuva-i-izbirachkiot-spisok/ (последна посета: 2 април 2024).

ните кандидати и ја доставува до Собранието. Од кандидатите на предлогот на листата опозицијата предлага претседател и двајца члена, додека партиите на власт предлагаат потпретседател и тројца членови. Сите членови се избираат со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.

Со интервенцијата во Изборниот законик во септември 2021 година беа променети неколку члена кои го регулираат изборот, мандатот и работата на Државната изборна комисија. Со измената во член 26, мандатот на членовите на Комисијата се зголемува на пет години од денот на изборот. Дополнително, измените во членовите 27, 29 и 30 за прв пат го регулираат процесот на реорганизацијата на составот на Комисијата во случај на промена на власта, како и изборот на новите членови и Генералниот секретар.[34]

Овогодинешните измени на Изборниот законик ја обврзуваат Државната изборна комисија да формира Центар за континуирана едукација на избори како посебна организациска единица во својата служба, со кој ќе раководи државен советник на ниво Б1[35], кој одговара пред Комисијата и Генералниот секретар. Центарот ќе има за цел да обезбедува континуирана обука на изборната администрација, гласачите, учесниците во изборите, медиумите и изборните набљудувачи, како и да изработува разни истражувања и анализи за потребите и по барање на ДИК.[36]

## Финансирање на политичките партии

Законот за финансирање на политичките партии нема претрпено промени во последните неколку години. Останува да важат одредбите кои се однесуваат на спецификација на имотот и финансирање на политичките партии (движен и недвижен имот), висината на вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии во висина од 0,15 % од вкупните изворни приходи на Буџетот на Република Северна Македонија, приватните извори на финансирање, висината на поединечните донации кои не смеат да ја надминат сумата од 60 про-

34 „Службен весник на Република Северна Македонија", Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик 218/2021.

35 Според Член 24 од Законот за административни службеници, државен службеник од Б1 категорија е раководен административен службеник од прво ниво, кој ги исполнува условите да има најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку три на раководно работно место во приватен сектор.

36 „Службен весник на Република Северна Македонија", Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик 58/2024.

сечни плати, како донација од правни лица, и 30 нето просечни плати, доколку е донација од физички лица. Со последните измени на Изборниот законик во март 2024, кон членот 83 се додаде нов став кој ги регулира поединечните донации кои политичките партии ги добиваат за изборните кампањи. Имено, износот на средствата кумулативно на трансакциската сметка за изборна кампања не смее да биде поголем од 3 000 евра во денарска противвредност од исто физичко лице или 30 000 евра во денарска противвредност од исто правно лице.

Средствата за финансирање на политичките партии во износ од 30 % што се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, и понатаму се распоредуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1 % од вкупниот број на гласовите од последните парламентарни или локални избори. 70 % од средствата се распределуваат на политичките партии според бројот на избрани пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на последните парламентарни избори и според бројот на избрани советници на последните локални избори.

Членот 26 од Законот за финансирање на политичките партии предвидува надзорот врз финансирањето да го врши Државниот завод за ревизија. Членот, исто така, предвидува партиите да имаат само една жиро-сметка, а во случај на финансирање преку обезбедување средства од кредит од комерцијални банки, покрај основната жиро-сметка, може да имаат уште една посебна жиро-сметка за средства на партијата обезбедени преку кредит. Исто така, политичката партија има право да врши пренос на средства помеѓу своите сметки, а партиско истражувачките-аналитички центри имаат посебна сметка. Средства од Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 280 000 евра во денарска противвредност се предвидени и за годишно финансирање на партиско истражувачко-аналитичките центри кои се формирани во согласност со закон како дел од внатрешната организација на партијата.[37]

Со измените во законот во 2018 се создаде обврска за доставување финансиски извештај за материјално-финансиско работење на партијата, во кој е содржано финансиското работење на сметката, односно сметките на политичката партија. Со измените како дополнителен дел од финансискиот извештај се препознаваат ставките „спонзорство“ и „кредит“. Со измените се предвиде средствата наменети за финансирање на политичките партии да се исплаќаат во согласност со буџетските можности, но не подоцна од 1 март секоја тековна година.

37 „Службен весник на Република Македонија“, Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, 140/2018.

**Јавни гласила**

И овој изборен циклус останува да важи забраната од измените на Изборниот законик во 2018 со која од денот на распишување на изборите, па сè до почетокот на изборната кампања, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (портали) не смеат да емитуваат, односно да објавуваат платено политичко рекламирање, освен огласи и соопштенија за собирање потписи за поддршка на кандидатура на група избирачи. Во случаите кога станува збор за емитување, односно објавување на соопштенијата за собирање потписи за поддршка на кандидатурите, тоа се прави во означени рекламни блокови на дозволеното време на рекламирање на еден реален час. Измените во Изборниот законик од март 2024 година, пак, предвидуваат ограничување во промоцијата на кандидатите, односно од моментот на потврдување на кандидатските листи до започнување на изборната кампања учесниците во изборите имаат право да организираат по еден јавен настан за промоција на нивните потврдени листи на кандидат/и и изборните програми. Следствено на тоа, со членот 69-а им се забранува на партиите да трошат од средствата наменети за изборната кампања во претходно споменатиот период.

За време на првиот и вториот круг од изборната кампања, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање. Од овие девет и пол минути, вкупно четири минути може да се одвојат за двете најголеми политички партии од власта, четири минути за двете најголеми политички партии на опозицијата, една минута за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група, како и триесет секунди за политичките партии кои не се застапени во Собранието. Оваа година, поради одржувањето на двојните избори, постои можноста во еден даден час партиите да се рекламираат вкупно 19 минути. Претходно, таков случај имаше во изборната кампања за двојните избори во 2014 година кога партиите се договорија за ограничување од 15 минути промоција во еден час.[38]

Со измените на Изборниот законик во 2021 наместо Министерството за финансии, обврската да ги исплаќа трошоците врз основ на фактура за објавеното платено политичко рекламирање на радиодифузерите, печатените ме-

38 „Избори 2024: Партиско ЕПП од епски размери“. Призма, 8 февруари 2024. Пристапено на: https://prizma.mk/izbori-2024-partisko-epp-od-epski-razmeri/ (последна посета: 26 март 2024).

диуми и електронски медиуми се делегира на Државната изборна комисија. Како прилог на доставената фактура, медиумите доставуваат и медиа план, како и Извештај за реализирани услуги кои се потврдени од радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми(портали) и од учесникот во изборната кампања.

Со најновите измени во Изборниот законик, јавниот радиодифузен сервис, како и телевизиите кои ќе објавуваат платено политичко рекламирање, имаат обврска да ги објавуваат содржините поврзани со изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, најмалку еднаш, во периодот од 16:00 до 24:00 часот. Дополнително, членот 75 ги обврзува давателите на услуги, пред почетокот на изборната кампања, да достават распоред до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги (ААВМУ) за тоа кое издание на вести и кои други содржини ќе ги емитуваат во формат достапен за лицата со попреченост, а ААВМУ тоа да го објави на својата веб-страница.

1

# Историјат на претседателските избори во Република Северна Македонија (1991 – 2019)

# 1. Историјат на претседателските избори во Република Северна Македонија (1991 – 2019)

Првиот претседател на независна Македонија беше Киро Глигоров, избран со тајно гласање во македонското Собрание на 27 јануари 1991 година, со 114 пратенички гласа „ЗА“. Сите следни избори за претседател се одвиваа на општи и непосредни избори. На првите такви избори во 1994 година тогашниот претседател Глигоров го освои својот втор последователен мандат. Глигоров е единствениот досега кој успеал да победи во првиот изборен круг. На вторите општи и непосредни избори во 1999 година во претседателската трка влегоа шест кандидати, а победата во вториот круг ја однесе кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, Борис Трајковски. Тој функцијата Претседател ја извршуваше до неговата трагична смрт во 2004 година. На предвремените претседателски избори во 2004 година за трет Претседател на Република Македонија беше избран кандидатот на СДСМ, Бранко Црвенковски. На четвртите претседателски избори во 2009 година Ѓорѓе Иванов го освои својот прв мандат, а својот втор мандат го осигура на изборите во 2014 година, кога во вториот круг го победи актуелниот претседател Стево Пендаровски.



**Стево Пендаровски, петти претседател на РСМ (2019 –2024)**

Повеќе информации за историјатот на претседателските избори од независноста до денес може да најдете во „Прирачникот за претседателски избори во Република Северна Македонија 2019 година“.[39]

Актуелниот претседател на Републиката, Стево Пендаровски, во својот втор обид успеа да го освои местото во претседателскиот кабинет откако победи по два изборни круга на шестите претседателски избори. Во претседателската трка во 2019 година учествуваа тројца кандидати: Стево Пендаровски, кандидат на СДСМ со

39 „Прирачник за претседателски избори во Република Северна Македонија 2019 година“, второ дополнето издание. КАС и ИДСЦС, 2019 година. Стр. 17-22. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Belegexemplar_2019_The_Republic_of_Macedonia_s_2019_Presidential_Elections_Handbook_MKD.pdf (последна посета: 28 март 2024).

поддршка на ДУИ, Гордана Силјановска Давкова, кандидатка на ВМРО-ДПМНЕ, и Блерим Река, кој настапи како независен кандидат, но поддржан од Алијанса за Албанците и БЕСА.

Во првиот изборен круг на 21 април 2019 година правото на глас го искористија 753 556 граѓани, односно 41,68 % од регистрираните гласачи. По пребројувањето на гласовите, Пендаровски имаше освоено 42,81 % од гласовите, односно 322 581, Силјановска Давкова освои 318 341, т.е. 42,25 % од гласовите и кандидатот Блерим Река со освоени 79 888, односно 10,60 % од вкупниот број гласови. Место во вториот круг, кој се одржа на 5 мај 2019 година, обезбедија кандидатите поддржани од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Победник на изборите во вториот круг беше актуелниот претседател, Стево Пендаровски, со освоени 51,65 % (435 656 гласови), додека неговата противкандидатка, Гордана Силјановска Давкова освои 44,75 % (377 446 гласови). Излезноста на граѓаните во вториот изборен круг беше 46,65 %, односно 843 508 гласачи.[40]

40 Северна Македонија, претседателски избори, 21 април и 5 мај 2019 година: Финален извештај од набљудувачката мисија на ОДИХР, 21 август 2019. Пристапено на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/3/428867_0.pdf (последна посета: 27 март 2024).

2

# Македонски изборен систем за претседателски избори

# 2. Македонски изборен систем за претседателски избори

Претседателот на Републиката се избира на општи и непосредни избори, со тајно гласање за мандат од 5 години, со право на најмногу два мандати. Неговиот избор е уреден со Уставот на Република Северна Македонија и Изборниот законик. Избор на Претседател на Републиката се врши на територијата на Република Северна Македонија и во нејзините дипломатско-конзуларни претставништва, како една изборна единица според мнозинскиот изборен систем. Право да се биде избран има секој македонски државјанин кој на денот на изборите има наполнето 40 години и е жител на државата најмалку десет во последните 15 години. Кандидат за претседател можат да предложат најмалку 10 000 избирачи или најмалку 30 пратеници.[41]

Изборот на Претседател речиси секогаш се спроведува во два изборни круга. Во првиот круг победник е кандидатот кој ќе освои мнозинство (50 % + 1 гласач) од вкупниот број регистрирани гласачи во Избирачкиот список. Доколку ниту еден од кандидатите не го постигне бараното мнозинство, во рок од 14 дена се спроведува втор круг на гласање во кој влегуваат двајцата кандидати со најмногу гласови во првиот круг. Во вториот круг ќе биде избран кандидатот кој освоил мнозинство од вкупниот број гласови, при што е потребно најмалку 40 % од регистрираните гласачи да го оствариле своето право на глас. Доколку ниту еден од кандидатите не ги исполни двата услови, целата изборна постапка се повторува.[42]

Бројот на избирачките места во земјата за претседателските избори годинава изнесува 3 480, додека за гласање во странство се предвидени 31 избирачко место во дипломатско-конзуларните претставништва. Гласање на дијаспората се спроведува само во претставништвата каде се пријавени најмалку десет македонски државјани.[43] Изборната кампања за избор на претседател започнува 20 дена пред денот на изборите и трае до еден ден пред изборите. Кампањата за претседателските избори во 2024 година започнува на 4 април во 00:00 ча-

41 Устав на Република Северна Македонија, „Службен весник на Р Македонија“ бр.52/1991, изменет со Амандмани I-XXXVI.
42 Ибид
43 „Вкупно 2 571 граѓани во странство ќе можат да гласаат на претседателските избори“, Радио Слободна Европа, 27 март 2024. Пристапено на https://www.slobodnaevropa.mk/a/32880067.html (последна посета: 28 март 2024).

сот и завршува во 24:00 часот на 22 април, кога, всушност, и започнува изборниот молк.[44]

Со стапување на функција претседателот добива низа функции и ексклузивни права. Тој го наследува мандатот да ја претставува Републиката дома и во странство, е врховен командант на вооружените сили, го доделува мандатот за состав на Владата на Република Северна Македонија, ги поставува и отповикува амбасадорите и пратениците во странство, ги прима акредитивите на странските дипломатски претставници во земјава, предлага двајца судии на Уставниот суд, двајца членови на Републичкиот судски совет, тројца членови на Советот за безбедност и именува и разрешува други носители на државни и јавни функции утврдени со Уставот и законите. Дополнително, доделува одликувања и признанија, дава помилување во согласност со закон и врши други функции што се утврдени со Уставот на државата. Функцијата Претседател на Републиката е неспојлива со друга јавна, политичка или професионална функција. Претседателот ужива имунитет во вршењето на својата функција, но доколку го прекрши Уставот и законите за тоа мора да одговара. Постапката за утврдување на ваква одговорност ја покренува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. За одговорноста на Претседателот одлучува Уставниот суд со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број судии.

Според Уставот на Република Северна Македонија, Државната изборна комисија е надлежна за законитоста, подготовката и спроведувањето на изборите, но и за надзор врз работата на изборните органи. Во надлежностите на ДИК спаѓа и објавувањето на Избирачкиот список кој треба да биде ставен на јавен увид на граѓаните, во рок од 15 дена од датумот на распишувањето на изборите. Јавниот увид на Избирачкиот список трае 20 дена. Покрај Комисијата и овластени претставници на подносителите на листите, право на набљудување на изборите имаат сите домашни и странски граѓански организации кои поседуваат акредитација од ДИК.

Повеќе информации во однос на изборниот систем и кампања, улогата на јавните гласила, како и за мандатот на претседателот може да најдете во Прирачникот за претседателски избори во Република Северна Македонија 2019 година.[45]

---

44 „Изборната кампања за претседателските избори од 4 до 22 април, за парламентарните од 18 април до 6 мај". Пристапено на: https://a1on.mk/macedonia/izbornata-kampanja-za-pretsedatelskite-izbori-od-4-do-22-april-za-parlamentarnite-od-18-april-do-6-maj/ (последна посета: 28 март 2024).

45 „Прирачник за претседателски избори во Република Северна Македонија 2019 година", второ дополнето издание. КАС и ИДСЦС, 2019 година. Стр. 23-36. Пристапено на: https://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/Belegexemplar_2019_The_Republic_of_Macedonia_s_2019_Presidential_Elections_Handbook_MKD.pdf (последна посета: 28 март 2024).

# 3

# Учесници на претседателските избори 2024

# 3. Учесници на претседателските избори 2024[46]

## Стево Пендаровски



Стево Пендаровски е актуелен Претседател на Република Северна Македонија, избран на претседателските избори во 2019 година. Пред преземањето на функцијата Претседател бил професор на Факултетот за политички науки при Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје (УАКС), каде што ги предавал предметите: Меѓународна безбедност, Меѓународни односи, Вовед во политика, Глобализација, Геополитика, Надворешната политика на САД, Надворешната и безбедносна политика на ЕУ и Малите држави во светската политика. Дипломирал во 1987 година на Правниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а магистерските и докторските студии ги завршил на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје. Ова е трета претседателска кандидатура на Пендаровски, кој на претседателските избори во 2014 изгубил од Ѓорѓе Иванов во вториот круг гласање. На претседателските избори 2019 настапил како заеднички кандидат на СДСМ, ДУИ и на 29 други политички партии.[47]

Магистрирал на тема „Нова геополитика на Република Македонија: Контрадикциите на комунистичките и транзиционите матрици“, а докторирал на тема „Надворешната и безбедносна политика на ЕУ и малите држави: рамката на националниот дискурс“.[48]

46 Кандидатите се подредени според Утврдената единствена листа на кандидат за претседател на Република Северна Македонија од страна на Државната изборна комисија донесена по пат на ждрепка на 25.3.2024. Фотографиите на кандидатите за претседател се преземени од нивните официјални Фејсбук профили.

47 Прирачник за претседателски избори 2019. Пристапено на: Belegexemplar_2019_The_Republic_of_Macedonia_s_2019_Presidential_Elections_Handbook_MKD.pdf (izbornaarhiva.mk) (последна посета: 20.3.2024).

48 Прирачник за претседателски избори 2014. Пристапено на: http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/prirachnici/priracnikpretsedatelski2014mkupd.pdf (последна посета: 4.3.2019).

Во периодот 2001 – 2004 година Стево Пендаровски бил советник за национална безбедност во Кабинетот на претседателот Борис Трајковски, а во периодот 2005 – 2009 година ја извршувал функцијата советник за надворешна политика во Кабинетот на претседателот Бранко Црвенковски. Бил и претседател на Државната изборна комисија, во периодот 2004 – 2005 година. Претходно, од 1998 до 2001 година, работел како помошник-министер во Министерството за внатрешни работи и како началник на Управата за аналитика и истражување во рамки на Министерството. На парламентарните избори во 2016 година Стево Пендаровски бил избран за пратеник во Собранието на Република Македонија, а во ноември 2017 бил назначен за национален координатор за подготовка на Република Северна Македонија за членство во НАТО.[49]

Тој е автор на повеќе книги и научни трудови објавени во земјава и пошироко, како и учесник на многу научни конференции, јавни дебати и дискусии.

На претседателските избори 2024 ќе настапи како кандидат на коалицијата предводена од СДСМ.[50]

Стево Пендаровски е роден на 3 април 1963 година во Скопје, женет е и има едно дете.



### Гордана Силјановска Давкова

Гордана Силјановска Давкова е редовна професорка во пензија по Уставно право и Политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Основното и средното образование ги завршила во Скопје, по што го продолжила образованието на Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Додипломските студии ги завршила во 1978 година, а

49 Веб-страница на Претседателот на Република Северна Македонија. Пристапено на: https://pretsedatel.mk/biografija-na-pretsedatelot/ (последна посета: 21.3.2024).

50 Веб-страница на СДСМ. Пристапено на: СДСМ - Социјалдемократски Сојуз на Македонија (sdsm.org.mk) (посетено: 26.3.2024).

своето образование го продолжила со магистерски студии на истиот факултет. Во 1994 ги завршила докторските студии Cum laude на Правниот факултет во Љубљана, Република Словенија. Во 1994 година била избрана за доцент, во 1999 за вонреден, а во 2004 година за редовен професор на Катедрата за уставно право и политички систем на Правниот факултет во Скопје.

Професорката Силјаноска Давкова е автор или коавтор на повеќе од 200 наслови од областа на правото, политичкиот систем и уставното право. Во 2016 година студентите ја избрале за најинспиративен професор на Правниот факултет. Таа е втемелувач на клиничкото (практично) правно образование во Република Македонија. Била раководител на Институтот за правни и правно-политички науки и член на Деканската управа, и раководител на Катедрата за уставно право и политички систем. Еден е од основачите на политичките студии и политичките науки во земјата.

Во својот општествен ангажман таа била член на Уставната комисија во Собранието на Република Македонија (1991 – 1992); министер без ресор во Владата на РМ (1992 – 1994); претседател на Координативното тело за соработка со CEELI (Централно и источноевропската правна иницијатива), 1992 – 1994, основана од Американската адвокатска асоцијација (American Bar Association – ABA); основач и член на Првиот македонски совет на Европското движење; претседател на Македонскиот национален комитет за родова еднаквост (1999 – 2002); претседател на Женското лоби, Работна група за родови прашања (2002 – 2004); претседател на Граѓанското движење на Македонија (2004 – 2005); еден од основачите на Институтот Евро-Балкан.

Во 1991 година била член на експертската група на Женевската конференција за поранешна Југославија. Од 1994 година била дел од експертите за родови прашања на УНДП, а од 1998 е експерт за изборни прашања на ООН. Била член на Управувачкиот комитет за локална и регионална демократија (CDLR), при Советот на Европа (1996 – 2002). Член е на Меѓународното здружение за уставно право од 1999 до денес. Од 2002 до 2023 била член на Групата на независни експерти за Европската повелба за локална самоуправа, Совет на Европа, Стразбур каде е и потпретседателка (2004 – 2012). Во периодот 2008 – 2016 година ја претставувала Република Македонија во Венецијанската комисија. Добитничка е на многу награди, вклучително и за придонес кон владеењето на правото од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и на медал за нејзината работа кон родовата еднаквост од Сојузот на жени на Македонија. Таа во 2019 била кандидатка на претседателските избори поддржана од страна на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата. Во вториот круг на изборите за претседател на државата бил избран нејзиниот

противкандидат Стево Пендаровски.[51]

На предвремените парламентарни избори во 2020 година Силјановска Давкова била носителка на кандидатската листа за пратеници на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата во Изборна единица 1. Како независен пратеник во рамки на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата таа била избрана за претседателка на Комисијата за еднаквост на жените и мажите, членка на Комисијата за политички систем и Комисијата за образование, како и на Националниот совет за евроинтеграции. Исто така, членка е на Управувачкиот комитет за соработка со Шведскиот парламент и на Комисијата за соработка со Израелскиот парламент. Заменик-членка е на Комисијата за европски прашања и на делегацијата во ОБСЕ.

На претседателските избори 2024 ќе настапи како кандидат на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата.[52]

Гордана Силјановска Давкова е родена на 11 мај 1953 година во Охрид, мажена е и има две деца.[53]

### Стевчо Јакимовски



Стевчо Јакимовски дипломирал на Економскиот факултет во Скопје во 1987 година. Во 1988 бил волонтер новинар во спортската редакција на Радио Скопје, а потоа во информативно-политичката редакција на втората програма на Радио Скопје.

Од октомври 1988 година до мај 1990 година бил стручно-политички работник во Претседателството на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија. Во 1992 година станал директор на Туристичката агенција „Катланово-турс" – Скопје.

51 Прирачник за претседателски избори 2019. Пристапено на: Belegexemplar_2019_The_Republic_of_Macedonia_s_2019_Presidential_Elections_Handbook_MKD.pdf (izbornaarhiva.mk) (последна посета: 20.3.2024).
52 Веб-страница на ВМРО-ДПМНЕ. Пристапено на: ВМРО-ДПМНЕ – ВМРО-ДПМНЕ (vmro-dpmne.org.mk) (посетена: 26.3.2024).
53 Curiculum Vitae; веб-страница на Правен факултет „Iustinian Primus" Скопје; Пристапено на: http://pf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2018/02/C.V.-GORDANA-SILJANOVSKA-DAVKOVA-2c-2016.pdf (последна посета: 21.3.2024).

Во септември 2000 година бил избран за градоначалник на Општина Карпош, а во ноември 2003 година за министер за економија во Владата на Република Македонија, од 2004 до 2006 бил министер за труд и социјална политика.

Во април 2009 година победил на локалните избори и по втор пат станал градоначалник на Општина Карпош. Четири години подоцна, во март 2013 година, настапил самостојно на изборите и ја добил по трет пат довербата на граѓаните на Карпош.

Во септември 2013 година ја формирал партијата Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ, и е избран за нејзин претседател. ГРОМ од 2014 година па до денес е дел од Собранието на Република Северна Македонија. Во октомври 2021 година на локалните избори Јакимовски се кандидирал како кандидат за градоначалник на ГРОМ и по четврти пат ја добил довербата на граѓаните.

На претседателските избори 2024 ќе настапи како кандидат на коалицијата предводена од партијата Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ. [54]

Стевчо Јакимовски е роден на 27.8.1960 година во Крива Паланка, женет е и татко на две деца.[55]

### Бујар Османи



Бујар Османи дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во 2004 година. Дел од својата специјализација ја завршил во Лондон, Обединетото Кралство, во периодот 2006 – 2007 година, додека од 2012 година се стекнал со звање специјалист хирург. Од 2014 бил докторант на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде докторирал во јули 2018 година.

54 Веб-страница на ГРОМ. Пристапено на: Мојот потпис за Стевчо Јакимовски – Граѓанска Опција за Македонија (grom.mk) (последна посета: 26.3.2024).
55 Веб-страница на Општина Карпош. Пристапено на: https://karpos.gov.mk/градоначалник/ (последна посета: 15.3.2024).

Во 2008 година бил назначен за министер за здравство на Република Македонија и таа функција ја извршувал сè до 2011 година. Во 2011 година бил специјалист хирург во Универзитетска клиника за Дигестивна хирургија во Скопје. Истата година во рамките на матичната партија, Демократската унија за интеграција, бил назначен за Секретар за комуникација со јавност при претседателството на партијата.

Од 2017 година до јули 2020 ја извршувал функцијата заменик претседател на Влада задолжен за европски прашања. Како предводник на Секретаријатот за европски прашања, Османи воедно ја извршувал и функцијата Национален координатор за распределба на странска помош и ИПА фондови во земјата.

Од 2018 до јули 2020 година бил назначен за Шеф на државната делегација и Главен преговарач со Европската Унија.

Османи бил постојан член на Владиниот кризен штаб за справување со КОВИД-19, а во првата половина од 2020 година бил назначен за Главен координатор на локалните кризни штабови и Кризниот штаб на Градот Скопје.

На 30 август 2020 година Бујар Османи бил избран за министер за надворешни работи на Република Северна Македонија.

На претседателските избори 2024 ќе настапи како кандидат на коалицијата предводена од ДУИ.[56]

Бујар Османи е роден на 11 септември 1979 во Скопје, женет е и има три деца.[57]

56 Веб-страница на Демократска унија за интеграција. Пристапено на: Bujar Osmani: Të përqëndrohemi në heqjen e barrierave që na mbajnë jashtë rrugës së progresit e zhvillimit të shekullit XXI - Bashkimi Demokratik Për Integrim (bdi.mk) (последна посета: 25.3.2024).

57 Веб-страница на Влада на Република Македонија. Пристапено на: https://vlada.mk/minister/BujarOsmani (последна посета: 15.3.2024).

## Билјана Ванковска Цветковска



Билјана Ванковска Цветковска е доктор на правни науки и редовен професор на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Раководител е на Центарот за глобални промени. Претставник е на Институтот за безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет во Мрежата на тинк тенкови и академски институции на ОБСЕ (OSCE Network of Think Tanks and Academic Institutions) од 2017 година до денес. Била член на извршниот одбор на Комитетот за општеството и вооружените сили во рамки на Меѓународното здружение за политички науки (IPSA). Таа била претставник на Република Македонија, односно на Институтот за безбедност, одбрана и мир во Конзорциумот на воени академии и институти за безбедност во рамки на Партнерството за мир (од основањето во 1999 до 2003 година).

Член е на уредувачките одбори на повеќе врвни научни списанија во разни земји. Членува во бројни светски научни здруженија, а е член на неколку иницијативи поврзани со глобалното управување и разоружувањето во 21 век.

Ги има објавено следните учебници: „Одбраната и правото", „Политички систем" (две изданија), „Европски институции" (две изданија), „Меѓународна безбедност" и „Транзициска правда". Била член на Меѓуресорската експертска група за изготвување на Извештајот за компатибилноста на законодавството на земјата со стандардите и барањата на Европската конвенција за човековите права.

Во нејзиниот јавен ангажман, Ванковска била јавен заговарач на Иницијативата за РЕКОМ во Република Македонија. Била потпретседател на Граѓанското движење на Македонија во 2004 – 2005 година, и особено активна во референдумската кампања за законот за општинските граници од 2004 година. Таа била еден од основачите на „Професорскиот пленум", активна во протестите против ограничувањето на правото на абортус, протестите против Преспанскиот договор и промената на Уставот итн. На претседателските избори 2024 ќе настапи како кандидат на Левица.

Билјана Ванковска Цветковска е родена на 14 ноември 1959 година во Скопје и е мајка на три деца[58].

58 Веб-страница на партијата Левица. Пристапено на: https://levica.mk/pretsedatelski-kandidat-2024/ (последна посета: 15.3.2024).

## Арбен Таравари



Арбен Таравари е невролог со долгогодишно искуство во Универзитетската клиника за неврологија во Скопје. Во 1998 година дипломирал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а во 2006 година завршил специјализација за неврологија на Универзитетската клиника за неврологија. Втората специјализација за семејна медицина на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ја завршил во 2011 година. Претседател е на одборот на Универзитетска клиника за неврологија, како и член на одборот на медицинското списание *Mediicus* и *Vox Medici*.

Објавил повеќе книги и научни трудови меѓу кои: „Мигрени, главоболки и болни синдроми“ (2016), „Практикум по неврологија“ (2014), а неговата докторската дисертација е на тема „Клинички и генетски наоди кај болни со идиопатска Паркинсонова болест“ (2011).

Поновата политичка кариера на Таравари започнала со Алијансата за Албанците во 2016 предводена од претседателот Зијадин Села, кога Таравари бил избран за генерален секретар. На парламентарните избори во 2016 Алијанса за Албанците освоила три пратенички места, меѓу кои и тоа на Таравари.

На 1 јуни 2017 година Таравари бил назначен за министер за здравство во Владата на Република Македонија, функција која ја извршувал до 31.10.2017 година.

Д-р Арбен Таравари на функцијата градоначалник на Гостивар дошол во 2017 година, по победата на локалните избори победувајќи го тогаш актуелниот градоначалник на ДУИ Невзат Бејта.[59] Во 2021 по завршување на првиот мандат Таравари повторно се кандидирал како кандидат на Алијанса за Албанците и го освојил вториот мандат како градоначалник на Гостивар.[60]

59 Веб-страница на Општина Гостивар. Пристапено на: https://gostivari.gov.mk/mk/д-р-арбен-таравари/ (последна посета: 15.3.2024).
60 Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија во 2021. Пристапено на: belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf (izbornaarhiva.mk) (последна посета: 25.3.2024).

По назначувањето на Таравари за в.д претседател на партијата од страна на партиското Централното собрание во декември 2022 на третиот вонреден Конгрес на партијата Алијанса за Албанците, Таравари бил избран за претседател на партијата.[61]

Во февруари 2024 Таравари ја најавил кандидатурата за претседател на државата по предлог на Претседателството на АА, со поддршка од опозициските партии на Албанците. Кандидатурата доаѓа во време на внатрепартиски тензии во Алијанса за Албанците.[62]

На претседателските избори 2024 ќе настапи како кандидат на коалицијата „ВРЕДИ“.[63]

Арбен Таравари е роден на 9 април 1973 година во Гостивар. Оженет е и татко на две деца.[64]

## Максим Димитриевски



Максим Димитриевски дипломирал на Правниот факултет во Скопје. Магистрирал во 2021 година на тема „Улогата на локалната самоуправа во вонредна и кризна состојба, во услови на епидемија со осврт на Општина Куманово“. Има долгогодишно работно искуство како приватен стопанственик.

Политичката кариера ја започнал како млад активист на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Во 2008 година станал дел од Советот на Општина Куманово, а подоцна и претседател на Советот од 2012 до 2016 година. Политичката кариера ја продолжил како пратеник во Собранието на Република Македонија и претседател на Комисијата за одбрана и безбедност.

61 Веб-страница на Алијанса за Албанците. Пристапено на: Then, the taravari - the alliance for the Albanians (aleanca.mk) (последна посета: 26.3.2024).
62 Арбен Таравари е претседателскиот кандидат на албанската опозиција (slobodnaevropa.mk) (последна посета: 26.3.2024).
63 Веб-страница на Алтернатива. Пристапено на: https://alternativa.org.mk (последна посета: 26.3.2024).
64 Веб-страница на Вистиномер. Пристапено на: https://vistinomer.mk/arben-taravari-gradonachalnik-na-gostivar/ (последна посета: 15.3.2024).

На локалните избори во октомври 2017 година станал градоначалник на Општина Куманово. По завршување на првиот мандат, се кандидирал по втор пат, но како независен кандидат, и поради одлуката за независен настап на локалните избори 2021 бил исклучен од партијата СДСМ. Максим Димитриевски победил на локалните избори во Куманово и станал градоначалник на Општина Куманово по втор пат со мандат 2021 – 2025.[65] Во октомври 2023 година ја формирал новата политичка партија „Движење ЗНАМ – За наша Македонија“ и истовремено бил избран за претседател на партијата.

На претседателските избори 2024 ќе настапи како кандидат на „Движење ЗНАМ – За наша Македонија“.[66]

Максим Димитриевски е роден на 29 ноември 1975 година во Куманово, женет е и татко на три деца.[67]

65 Прирачник за локални избори во Република Северна Македонија во 2021. Пристапено на: belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf (izbornaarhiva.mk) (последна посета: 25.3.2024).

66 Веб-страница на Движење ЗНАМ - За нашата Македонија. Пристапено на: Движење ЗНАМ - За наша Македонија - Движење ЗНАМ - За наша Македонија (dvizenjeznam.org.mk) (последна посета:25.3.2024).

67 Веб-страница на Општина Куманово. Пристапено на: https://kumanovo.gov.mk/gradonacalnik/ (последна посета: 15.3.2024).